***Доброто управување со граѓанските организации***

Само 13 % од граѓанските организации, во последниве 15 години ја смениле раководната структура

Одржувањето на панелот под наслов "Доброто управување во граѓанските организации" беше поврзан и со презентација на истоимениот прирачник, од Келменд Зајази. Во него Зајази ги внел досегашните евидентирани искуства за управувањето во граѓанските организации во Македонија, укажувајќи на, и објаснувајќи ја потребата од добро управување, но внесувајќи и препораки што може да се направи за да се надминат постоечките проблеми.

Тој пред малобројната публика на панелот, ги презентираше теоретските аспекти на доброто управување, нарекувајќи го истото "механички процес во организацијата на донесување одлуки, од кој зависи работата но и опстанокот на организациите".

“Иако во земјава  сеуште не е направено целосно истражување на управувањето со граѓанските организации , презентираните сознанија во прирачникот се темелат на ЦИВИКУС индикаторите, според кои во  Македонија во однос на контролата на управувањето  постојат две крајности: организациите да немаат Управен одбор, а доколку го имаат, истиот да не е е активен.Граѓанскиот сектор кој е во фаза на созревање, го карактеризира и појавата на микроменаџирање, во кое се чувствува улогата на основачите на организациите” - стои во прирачникот.

“Зошто е потребно доброто управување, на кого организациите треба да му дава отчет за својата работа, е клучното прашање. Граѓанските организации користат јавни средства , поради што е потребно и да ја информираат јавноста за начинот на кој и ги трошат, што пак е услов за градење доверба” - потенцираше Зајази, кој рече дека организациите живеат од довербата, која континуирано треба и да ја градат.

Посочувајќи ги како организации кои во процесот на децентрализација играат голема улога, авторот на прирачникот, рече дека тие мораат постојано да го градат потребниот кредибилитет за таа улога во општеството, кој пак е условен од доброто внатрешно управување.

Говорејќи за перспективите, Келменд Зајази  напомена дека очекува созревање на граѓанските организации, што ќе значи и  надминување на фазата на  влијание на оснивачите.

“Во иднина нема да опстанат граѓанските организации во кои  еден човек  ги врши сите функции. Ќе опстанат организациите со добро управување” - изјави тој.

Сунчица Саздовска од Македонскиот центар за меѓународна соработка кој беше и организатор на панелот,  на почетокот од своето обраќање, на присутните  им ги претстави ЕУ принципите на добро управување: отвореност, партиципација, отчетност, ефективност, кохерентност, за потоа и да  ги презентира добиените сознанија на тема “Добро управување  во граѓанските организации во Македонија”, користејќи го истражувањето на МЦМС за   Индексот на  граѓанското општество во земјава.

“Дојде време кога  прашањата за добро управување треба да си ги поставиме во граѓанскиот сектор “  рече таа, посочувајќи дека дури 70 % од испитаниците сметаат дека  во нивните организации  постои демократски начин на одлучување , но истражувањето покажало дека  исти лица се јавуваат во  структурите и на управните одбори и во  извршните функции.  Според податоците, само 13 % од граѓанските организации  во последниве 15 години  ја смениле раководната структура; собранијата во организациите се доживуваат само формално (се одржуваат еднаш годишно, со однапред  донесени одлуки ) и др.

“Самите граѓански организации  се доста активни во промовирањето на  демократијата, но прашање е какво е  влијанието на нивните активности во мобилизација на јавоста во Македонија, дали непочитувањето на демократијата во сопствените редови прави проблем”,- запраша Саздовска , која се осврна и на добиените резултати поврзани со транспарентноста на организациите, наведувајќи дека согледувањата податоците на меѓународната организација Транспаренсу Интернатионал, говорат за многу помала корупција во граѓанските организации  во земјава во однос на другите субјекти кои го чинат општественото живеење   Резултатите од споменатото  истражување говорат дека  сомнежите за нетранспарентност се потикнати од:недостаток на доверба, од

меѓусебни обвинувања на членовите, од недоволната транспарентност во работењето.

“Финансиските извештаи и се достапни на јавноста, (53% од вкупниот број на граѓанските организации), но не се прават чекори за нивна промоција. Мал круг на луѓе имаат пристап до финансиските податоци, а отчетност и одговорност за работата, граѓанските организации главно покажуваат кон донаторите. Постои и недоволна свест кај членовите на организациите зашто треба да се биде отчетен “ -истакна меѓудругото Сунчица Саздовска, која укажа на потребата од зголемување на активностите на организациите на полето на транспарентноста, нагласувајќи го и незначителното промовирање на транспарентноста на владата и отсуство во однос на деловниот сектор во земјава .

Славко Лазовски презентираше дел од своите согледувања на актуелните состојби, потенцирајќи дека во Македонија ретко може да се говори за демократски процеси кога главен работодавач е Владата, осврнувајќи се на фактот за запоставување на неформалното организирање присутно во минатото.